| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1335. | **Одлука** за субвенционирање на каматата која произлегува од Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти – V фаза, склучен меѓу Европската инвестициона банка и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, како и пресметаната камата од страна на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје....... | 10 |
| 1336. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 10 денари со изменети белези........................... | 11 |
| 1337. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 500 денари со изменети белези....................... | 11 |
| | **Огласен дел**..................................... | 1-84 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1322.**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19, 244/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.278/19 и 13/20) во членот 2 во став (3) во табелата во подмерката 2.8 во делот поблиски критериуми и висина на директни плаќања износот „700” се заменува со износот „1500”.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2642/1 | Претседател на Владата |
| 2 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1323.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ број 98/08, 99/09, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12, 24/13, 120/13, 29/14, 146/15, 217/15, 30/16 и 21/18), ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За реализација на започнатите постапки по објавениот јавен повик за доставување барања за одобрување учебник по странски јазик, како и роковите за обезбедување на податоци за потребниот број на учебници кои се оштетени и не се за употреба и потребниот број на учебници кои ќе бидат во употреба во наредната учебна година, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите во постапките по објавениот јавен повик за доставување барање за одобрување учебник по странски јазик, кои истекуваат за време на траењето на вонредната состојба, се продолжуваат за два месеца од денот на влегување во сила на оваа Уредба.

Член 3

Роковите, за обезбедување на податоци за потребниот број на учебници кои се оштетени и не се за употреба и потребниот број на учебници кои ќе бидат во употреба во наредната учебна година, кои истекуваат за време на траењето на вонредната состојба, се продолжуваат за три месеца од денот на влегување во сила на оваа Уредба.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2669/1 | Претседател на Владата |
| 2 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1324.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За продолжување на роковите утврдени во Законот за заштита на децата за поднесување на барање за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче, барање за остварување/продолжување на правото на родителски додаток за дете (трето дете), за поднесување на барање за продолжување на правото на родителски додаток за дете (четврто дете), како и за проверката на исполнетост на условот за присуство на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови за секој од мерните периоди заради исплата на додатокот за образование за третиот и четвртиот мерен период за учебната 2019/2020 година, за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Роковите кои согласно Законот за заштита на децата се определени за поднесување на барање за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче, барање за остварување/продолжување на правото на родителски додаток за дете (трето дете), како и за барање за продолжување на правото на родителски додаток за дете (четврто дете), престануваат да течат за време на траење на вонредната состојба и се продолжуваат за три месеци од денот на истекот на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Проверката на исполнетост на условот за присуство на најмалку 85% од вкупниот број на реализирани наставни часови за секој од мерните периоди, заради исплата на додатокот за образование за третиот и четвртиот мерен период за учебната 2019/2020 година, нема да се врши до крајот на наставната година.

Член 4

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2724/1 | Претседател на Владата |
| 2 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |